**CROATIA®**
**осигурување/неживот**

Друштво за неживотно осигурување
КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД
Бр. 03-400/01
16.03.2023 год.
СКОПЈЕ

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА**
**НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД**
Ул. Орце Николов 75,
1000 Скопје

Предмет: **Известување за зголемување на основната главнина**

Почитувани,
Согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност Ве известуваме дека Кроација Осигурување АД Друштво за неживотно осигурување Скопје спроведе постапка за зголемување на основната главнина на Друштвото. Во постапката се спроведоа следните чекори:

- На седница одржана на 23.12.2022 година, Вонредното Собрание на акционери на Друштвото донесе Одлука за зголемување на основната главнина преку издавање на петта емисија на обични акции, по пат на приватна понуда за институционален инвеститор, со емисија на 25.000 акции со номинална вредност од 100 евра, односно вкупен износ на емисијата на акции 2.500.000,00 евра ;
- На 23.01.2023 година, Комисијата за хартии од вредност, по доставено барање од Друштвото, донесе Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда;
- На 06.02.2023 година Друштвото ја прими уплатата на парични средства за зголемување на основната главнина;
- На 09.03.2023 година, Централниот регистар донесе решение со кое врши промена – зголемување на основната главнина на Друштвото;
- Централниот депозитар за хартии од вредност на 16.03.2023 година изврши упис на издадените хартии од вредност во акционерската книга на Друштвото.
- Со горенаведените чекори заврши постапката за зголемување на основната главнина на Друштвото, истата се зголеми за 2.500.000,00 евра и изнесува 9.530.000,00 евра.

Со почит,

Александар Манев

Генерален директор

**Кроација Осигурување АД**
**Друштво за неживотно осигурување Скопје**

**Со почит, осигурано од Кроација**